Бр./Nr 12-1189/3

17-06-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-1189/1 од 22.03.2024 година, во врска со сет на текстови на предлог закони кои Владата на Република Северна Македонија ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија во изборниот период во 2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Предметот со број 12-1189/1 од 22.03.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, преку електронска пошта на ден 22.03.2024 година, поднесена е пријава во врска со сет на текстови на предлог закони кои Владата на Република Северна Македонија ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија во изборниот период во 2024 година и оформен е предмет број 12-1189/1 од 22.03.2024 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во пријавата се наведува дека од страна на Владата на Република Северна Македонија се прекршува Изборниот законик, со тоа што од денот на распишувањето на изборите продолжува да утврдува текстови на предлог закони и истите ги доставува до Собранието на Република Северна Македонија. Исто така, се наведува дека по распишувањето на изборите, од страна на Владата на Република Северна Македонија утврдени биле предлог законии кои се доставени до Собранието на Република Северна Македонија и тоа:
-Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект соларна електрична централа --------------, по скратена постапка;
-Предлог на закон за реализација на Стратешкиот инвестиционен проект „-----------------------------“ и Договор за стратешки инвестиционен проект „-------------------------------“, по скратена постапка;
-Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен ---------------------------------------, по скратена постапка и
-Предлог на закон за реализација на стратешкиот инвестиционен проект --------------------------- когенеративна постројка Скопје, по скратена постапка, и многу други закони кои може да се најдат на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изработил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител
Одобрил: Б.Ц, Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk